Црвен крст на Република Северна Македонија

# Акциски план за спроведување на развојна рамка на Црвениот крст на Република Северна Македонија

## „ТРАНСФОРМАЦИЈА-28"



# Акциски план за спроведување на Развојна рамка на Црвениот крст на Република Северна Македонија „Трансформација-28

Акцискиот план претставува методолошка рамка за следење и оценување на остварениот прогрес во спроведувањето на промените во рамки на процесот „Трансформација-28". Овој документ ќе ни послужи како основа за годишно планирање на активности за реализација на петгодишната развојна рамка на националното друштво. Во овој план се инкорпорирани активности, временска рамка за имплементација и очекувани резултати за секој од трансформациските процеси на националното друштво. Предвидените активности се во тесна корелација со годишното планирање и оперативни планови во рамки на програмите на националното друштво.

Краткорочните и долгорочните активности кои произлегуваат во процесот на трансформации имаат за цел да се изгради поефективна и функционална, структурна и организациска поставеност на националното друштво која ќе овозможи поуспешно справување со предизвиците и ефикасно спроведување на оперативните програми.

Промените претставуваат предизвик, но се надеваме дека ќе ни овозможат да останеме во чекор со трендовите во нашето опкружување, будно следејќи ги тековните потреби на корисниците на услуги на Црвениот крст, но и на некои нови категории на граѓани кои имаат потреба од поддршка која традиционално досега не ја обезбедувал Црвениот крст. На тој пат ќе ги усогласиме промените со нашите развојни приоритети во обид да бидеме иновативни, но исто така и традиционални во дел од својата работа која отсекогаш била препознатлива во работењето на Црвениот крст.

Нашите трансформации ги замислуваме како партиципативен процес кој ќе го спроведуваме заедно со нашите партнери и соработници, но пред се со заложби и придонес на целата наша раководна и управна структура, нашите волонтери и вработени. Нашите очекувања се дека преку овој процес на промени ќе успееме да ги зајакнеме постојните партнерства и ќе воспоставиме нови се со цел поуспешно да одговориме на локалните потреби во локалните заедници кои ги опслужуваме.

Ги покануваме сите наши волонтери, членови, вработени и партнери да се приклучат на нашето трансформациско патување кое ќе ни отвори нови видици за реализација на нашите амбиции и ќе ни покаже нови можности како да бидеме поефикасна и поодговорна организација која обединува во духот на солидарноста и хуманоста во интерес на ранливите категории на население кои ги опслужуваме. Бидете со нас, на овој пат полн со предизвици, каде промените ќе бидат средство за успешност и каде единствено мерило ќе бидат нашите резултати, спасен живот, насмеано лице.

д-р Саит Саити
генерален секретар

проф. д-р Ромел Велев
претседател

# Акциски план за спроведување на Развојна рамка на Црвениот крст на Република Северна Македонија „Трансформација-28

| Бр. | Трансформација | Активност | Период на имплементација по години | | | | | Очекувани резултати |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | 2024 | 2025 | 2026 | 2027 | 2028 | |
| 1. | **Трансформација на моделот на раководење и управување на Црвениот крст на РСМ** | Реформи во спроведување на изборна постапка | | | ■ | ■ | | Воспоставен модел на избор на раководни структури |
| | | Вклученост на раководна структура во следење на состојби | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | Интегрирана раководна структура во следење на перформанси во работата на ООЦК / ЦКГС / ЦКРСМ |
| | | Формирање на помошни тела од корпоративен сектор и универзитетски професори | ■ | | | | | Воспоставени тела за усогласување на работата на НД со политики и интереси на компании и стручни лица, и размена на добри практики |
| | | Унапредување на работни процеси | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | Воспоставен ефикасен модел за управување на национално и локално ниво |

| Бр. | Трансформација | Активност | Период на имплементација по години | | | | | Очекувани резултати |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | 2024 | 2025 | 2026 | 2027 | 2028 | |
| 2. | **Градење партнерства за одговор на хуманитарни предизвици** | Унифициран пристап во градење на партнерства со ЕЛС и државни институции | ■ | | | | | Зголемен број на активни партнерства и поддржани иницијативи од страна на ЕЛС и државни институции |
| | | Модул на градење на меѓународна соработка со организации на ЦК/ЦП | ■ | ■ | | | | Структурирана и ефикасна соработка со партнерски организации од други НД |
| | | Активно учество и поддршка во работата на компонентите на Движењето на ЦК/ЦП | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | Зајакнати партнерства и соработка со компонентите на Движењето<br>Зголемен пристап до фондови во рамки на Движењето |
| | | Промовирање на општествена одговорност и вклученост во хуманитарно делување на корпоративниот сектор | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | Зголемен број на подржани иницијативи од страна на корпоративниот сектор |

| Бр. | Трансформација | Активност | Период на имплементација по години | | | | | Очекувани резултати |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | 2024 | 2025 | 2026 | 2027 | 2028 | |
| 3. | **Воведување на нов модел на локално организирање** | Процена и дефинирање на капацитетите и можностите на секоја локална организација на Црвен крст | ■ | ■ | | | | Утврдени состојби, капацитети и можности на ООЦК |
| | | Дизајнирање на модел на локално организирање и поставеност | ■ | ■ | ■ | | | Креиран ефикасен модел за локално организирање |
| | | Промовирање персонализиран / индивидуален развој на ООЦК | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | Зајакнати капацитети на ООЦК за одржливо работење |
| | | Размена на позитивни искуства и научени лекции помеѓу локални организации на Црвен крст | | | ■ | ■ | ■ | Подобрена ефикасност и ефективност во работењето |
| |  | Подготовка на нормативна рамка | | | | ■ | ■ | Воспоставен модел за локално организирање |

| Бр. | Трансформација | Активност | Период на имплементација по години | | | | | Очекувани резултати |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | 2024 | 2025 | 2026 | 2027 | 2028 | |
| 4. | **Модел за мобилизирање членство во Црвен крст на РСМ** | Воспоставување форми за начин на формирање основни организации за мобилизирање нови членови | ■ | ■ | | | | Зголемен број на основни организации и членство во ООЦК<br>Мобилизирани дополнителни средства за работата на ООЦК |
| | | Воспоставување соработка со различни чинители и организации за обезбедување нови членови | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | Унапредена партнерска соработка<br>Зголемен број на членови<br>Мобилизирани човечки и финансиски ресурси<br>Подобрен имиџ во државата |
| | | Промовирање модалитети за одавање признание, вреднување и надградба на членови | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | Зголемен број на членови како резултат на вреднување на членовите |
| | | Подготовка и воведување ново софтверско решение за членство | ■ | | | | | Систематизирана евиденција за членови во Црвен крст на РСМ<br>Подобрен пристап до информации за членство |
| |  | Воведување на систематизиран пристап за контактирање и информирање на членство | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | Навремено информирање на членство за активности на Црвен крст на РСМ<br>Мобилизирани нови членови во ООЦК |

| Бр. | Трансформација | Активност | Период на имплементација по години | | | | | Очекувани резултати |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | 2024 | 2025 | 2026 | 2027 | 2028 | |
| 5. | **Модел за инспирирање и мобилизирање на волонтери** | Воспоставување на креативни и иновативни форми за мобилизирање на млади волонтери | | | | | | Зголемен број на млади волонтери во ООЦК |
| | | Воспоставување на комуникациски средства и инфраструктура за вклучување на волонтери од малцински групи, жени и лица со инвалидитет | | | | | | Подобрен пристап до волонтирање во Црвениот крст за малцински групи, жени и лица со инвалидитет |
| | | Активности за мобилизирање на волонтери од редот на повозрасното население | | | | | | Зголемен број на повозрасни волонтери кои носат искуство и стручна поддршка |
| | | Воспоставување на мрежен, децентрализиран и самоуправен модел на волонтирање | | | | | | Подобрена креативност на волонтерите и овозможено ефективно вклучување на волонтерите во мрежата на Црвен крст |
| | | Воведување унифициран пристап во однесувањето и делувањето на волонтерите и вработените и кон корисниците на услуги на Црвен крст | | | | | | Обезбедена унифицирана и взаемна поддршка |
| | | Намалување на бариери за волонтирање | | | | | | Подобрен пристап до волонтирање во Црвен крст на РСМ |
| | | Унапредување на безбедност и заштита на волонтерите | | | | | | Воспоставени форми и решенија за унапредување на безбедност и заштита на волонтерите |
| | | Воведување на модалитети кои ќе овозможат дигитално волонтирање, корпоративно волонтирање, и волонтирање преку онлајн кампањи | | | | | | Овозможени модалитети за поголема вклученост на луѓето да волонтираат во Црвениот крст |
| | | Унапредување на систем за привлекување, ангажирање, мотивирање и задржување на волонтери | | | | | | Зголемен број на волонтери<br>Зголемена мотивација и придонес на волонтерите |
| | | Подигање на јавната свест за значењето на волонтерството во државата | | | | | | Споделени повратни информации за придонесот и значењето на волонтерите во државата |

| Бр. | Трансформација | Активност | Период на имплементација по години | | | | | Очекувани резултати |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | 2024 | 2025 | 2026 | 2027 | 2028 | |
| 6. | **Нови трендови во младинското работење** | Реформирање на организациска поставеност на младите | | | ■ | ■ | | Воспоставена ефективна мрежа на младинско организирање во НД |
| | | Воведување на младински програми | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | Креирани и имплементирани минимум пет младински програми |
| | | Формирање на сектор за млади во ЦКРСМ | ■ | | | | | Кадровско, организациско и финансиско јакнење на капацитетите на Централната канцеларија во однос на младинското работење |
| | | Кадровско јакнење на Клубовите на млади преку ангажман на локални младински координатори | ■ | ■ | | | | Унапреден систем на локално младинско работење преку ангажман на 30 младински координатори |
| | | Креирање на програми за регрутација на студенти | ■ | | | | | Зголемен број на млади од редот на студентската популација.<br>Зголемен обем на сервисни услуги за различни целни групи |
| | | Финансиско јакнење на Клубовите на млади | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | Создаден систем на ефективно финансиско работење во Клубовите на млади |

| Бр. | Трансформација | Активност | Период на имплементација по години | | | | | Очекувани резултати |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | 2024 | 2025 | 2026 | 2027 | 2028 | |
| 7. | **Услуги за асистенција и нега на социјално ранливи категории на население** | Креирање на алатки за промоција на услуги на Црвениот крст на РСМ | | ■ | ■ | | | Подобрен пристап до информации за граѓани кои имаат потреба од услуги на Црвениот крст |
| | | Креирање на нова програма за воведување на услугата за нега и помош во домот за обука на членови на семејства | | ■ | ■ | ■ | ■ | Воведена нова услуга за нега и помош во домот од членови на семејства |

| Бр. | Трансформација | Активност | Период на имплементација по години | | | | | Очекувани резултати |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | 2024 | 2025 | 2026 | 2027 | 2028 | |
| 8. | **Социјална инклузија и унапредување на еднакви можности на пазарот на трудот**  | Развој на нови посебни програми за обука за нега на ранливи категории на население | | | | | | Подобрена конкурентност на пазарот на трудот на долгорочно невработени лица |
| | | Развој на нови посебни програми за обука за асистенција на ранливи категории на население | | | | | | Подобрена конкурентност на пазарот на трудот на долгорочно невработени лица |
| | | Спроведување на процес за верификација на ЦКРСМ во ООЦК за спроведување на новите посебни програми за нега и асистенција | | | | | | Верификуван ЦКРСМ за спроведување на посебни програми за нега и асистенција |

| Бр. | Трансформација | Активност | Период на имплементација по години | | | | | Очекувани резултати |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | 2024 | 2025 | 2026 | 2027 | 2028 | |
| 9. | **Развој на економски активности за социјални цели**  | Подготовка на Стратешки план за развој на социјално претприемништво | | | | | | Утврдени развојни правци на националното друштво за воведување и развој на економски активности за социјални цели |
| | | Подготвена програма за обука за социјално претприемништво | | | | | | Развиени капацитети на НД за воспоставување на економски активности за социјални цели |
| | | Воспоставени економски активности за социјални цели | | | | | | Обезбедена одржливост и развој на различни видови на услуги на националното друштво |

| Бр. | Трансформација | Активност | Период на имплементација по години | | | | | Очекувани резултати |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | 2024 | 2025 | 2026 | 2027 | 2028 | |
| **10.** | **Справување со здравствени предизвици за време на епидемии и пандемии**  | Подготовка на стратегија за работа со заедниците во услови на епидемии и пандемии | | | | | | Утврдени развојни правци за дејствување во заедниците во услови на епидемии и пандемии |
| | | Организирање на обуки за специјализирани тимови на национално и локално ниво за превенција, одговор и опоравување од пандемии и епидемии | | | | | | Оспособени специјализирани тимови на локално и национално ниво за превенција, одговор и опоравување од пандемии и епидемии |
| | | Обезбедување на стручна и логистичка поддршка на здравствените институции и властите во справување со епидемии/пандемии | | | | | | Обезбеден придонес за подобра подготвеност и одговор на стручна и логистичка поддршка на здравствените институции и властите во справување со епидемии/пандемии |

| Бр. | Трансформација | Активност | Период на имплементација по години | | | | | Очекувани резултати |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | 2024 | 2025 | 2026 | 2027 | 2028 | |
| **11.** | **Намалување на последици предизвикани од климатски промени**  | Воспоставување на референтен центар за климатски промени | | | | | | Донесени политики и програми за справување со климатски промени |
| | | Адвокативност и учество во заеднички истражувачки активности со релевантни чинители за поефикасен одговор во справувањето со климатските промени | | | | | | Обезбедени насоки и ресурси за практични мерки кои ќе придонесат за поефикасен одговор во справувањето со климатските промени |
| | | Идентификување на ризици и ранливости преку едукации за ранливото население за справување со климатските промени | | | | | | Обезбеден подобар пристап за ранливото население до информации за адаптација кон климатските промени |

| Бр. | Трансформација | Активност | Период на имплементација по години | | | | | Очекувани резултати |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | 2024 | 2025 | 2026 | 2027 | 2028 | |
| 12. | **Црвен крст како референтна и стручна организација за првата помош**  | Воспоставување на Стручен центар за прва помош | | | | | | Подобрен квалитет и опсег на специјализирани обуки по прва помош<br>Изготвени политики, програми, наставни содржини, литература |
| | | Воведување на програма за оспособување и работа на парамедици | | | | | | Обезбедени парамедици за зајакнување на мобилни тимови на Црвен крст на РСМ |
| | | Интегрирање на првата помош во воспитно- образовниот процес во градинки, основните и средни училишта | | | | | | Подигната свест и подобрени знаења кај младата популација за правилно и навремено укажување прва помош |

| Бр. | Трансформација | Активност | Период на имплементација по години | | | | | Очекувани резултати |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | 2024 | 2025 | 2026 | 2027 | 2028 | |
| 13. | **Промоција на менталното здравје**  | Подготвена програма за обука за испорака на психолошко советување на граѓани<br>Воведување економски услуги за психолошка помош | | | | | | Воспоставена програма за обука за испорака на психолошка поддршка на граѓани<br>Обезбедена одржливост на активностите на центарот за ментално здравје и психо-социјална поддршка |
| | | Подготовка на програми – пакет на обуки за институции, организации за психолошка помош | | | | | | Воспоставени програми за институции и организации за зајакнување на отпорноста за заштита од различни состојби поврзани со менталното здравје |

| Бр. | Трансформација | Активност | Период на имплементација по години | | | | | Очекувани резултати |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | 2024 | 2025 | 2026 | 2027 | 2028 | |
| 14. | **Нов концепт за мотивација за доброволно крводарителство** | Унапредување на мотивациски аспекти во крводарителството | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | Воспоставена мотивациска рамка за доброволно крводарителство |
| | | Промовирање на нови форми на врсничката едукација во образовните институции | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | Зголемен број на млади крводарители |
| | | Промовирање на хуманите аспекти на значењето на крводарителството како основни вредности на чинот на крводарување | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | Прифатени хуманитарни норми како основа за крводарување |
| |  | Интегрирање на нови дигитални апликации и софтверски решенија за крводарителство | ■ | ■ | | | | Зголемена ефикасност во евиденцијата и менаџирањето со крводарители |

| Бр. | Трансформација | Активност | Период на имплементација по години | | | | | Очекувани резултати |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | 2024 | 2025 | 2026 | 2027 | 2028 | |
| 15. | **Справување со растечки предизвици на полето на подготвеност и одговор при катастрофи** | Редефинирање на улогата и одговорностите на Црвениот крст во областа на кризниот менаџмент во државата | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | Придонес во подготовка на нормативна рамка каде компаративните предности, компетенции и капацитети на Црвениот крст ќе обезбедат поголема функционалност на севкупниот систем за кризен менаџмент |
| | | Реструктуирање на програмата за подготвеност и одговор при катастрофи | ■ | | | | | Дефинирана улога и вид и опфат на услуги на ЦКРСМ во рамки на системот за управување со кризи на државата. |
| | | Прецизирање на видот и опфатот на услуги кои ЦКРСМ ги нуди на локални и државни органи за подготвеност, одговор и (рано) закрепнување од катастрофи | ■ | | | | | Дефинирана улога и вид и опфат на услуги на ЦКРСМ во рамки на системот за управување со кризи на државата |
| |  | Градење капацитети за организирање, прибирање и распределба на хуманитарна помош во државата | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | Обезбедена сеопфатна инфраструктура материјални и човечки ресурси за менаџирање на хуманитарна помош во државата |

| Бр. | Трансформација | Активност | Период на имплементација по години | | | | | Очекувани резултати |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | 2024 | 2025 | 2026 | 2027 | 2028 | |
| **15.** | **Справување со растечки предизвици на полето на подготвеност и одговор при катастрофи**  | Градење на институционализиран систем за прибирање, организирање и испраќањето на хуманитарна помош при катастрофи во други држави | ■ | ■ | | | | Црвениот крст на РСМ препознаен како лидерска организација во земјата за обезбедување на хуманитарна поддршка |
| | | Градење на капацитети за одговор на катастрофи и кризни состојби преку формирање и обука на заеднички тимови со локалните самоуправи и други локални чинители | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | Воспоставени локални капацитети за одговор при катастрофи и обезбедена навремена и непосредна поддршка |
| | | Воспоставување на програма за обуки за специјализирани тимови за одговор и намалување на ризици од катастрофи во рамки на Центарот за подготвеност и одговор при катастрофи на ЦКРСМ | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | Зајакнати капацитети на националното друштво за намалување на ризици и одговор при катастрофи<br><br>Промовиран и етаблиран национален тим за прва помош<br><br>Воспоставени сервиси и услуги за обезбедување на прва помош и психосоцијална поддршка |

| Бр. | Трансформација | Активност | Период на имплементација по години | | | | | Очекувани резултати |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | 2024 | 2025 | 2026 | 2027 | 2028 | |
| **16.** | **Воспоставување на професионална служба за безбедност на вода**  | Изработка на правилник за функционирање на систем за безбедност на вода | ■ | | | | | Трансформирани Центри за безбедност на вода |
| | | Адвокативни активности за подготовка на нормативна рамка во Државата за трансформирање на Центрите за безбедност на вода во служби за спасување | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | Зголемена ефикасност и одржливо работење преку воспоставена професионална служба за спасување |
| | | Редифинирање на модули за обука за отворени и затворени води | | ■ | | | | Изработена нова методологија за тренинг на спасители за отворени и затворени води |
| | | Изработка на модел за едукација за безбедност на вода за образовни институции | | ■ | ■ | | | Изработен и промовиран модел за едукација за безбедност на вода за образовниот систем |
| | | Изработка и имплементација на меѓугранични проекти за конекција на службите за спасување на вода | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | Брзи и ефикасни спасителни акции, меѓугранично делување на службите за спасување |

| Бр. | Трансформација | Активност | Период на имплементација по години | | | | | Очекувани резултати |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | 2024 | 2025 | 2026 | 2027 | 2028 | |
| 17. | **Промоција на модел за спасување и безбедност на планина**  | Иницирање на донесување на Закон за безбедност на планина | ■ | ■ | ■ | | | Донесено законско решение за безбедност на планина<br>Дефинирано местото и улогата на Црвен крст |
| | | Дефинирање на статусот на постоечките спасителни станици на ЦКРСМ | ■ | ■ | | | | Изработена анализа и предлог за понатамошно функционирање |
| | | Изработка на модел за едукација за безбедност на планина и негова имплементација | | | ■ | ■ | ■ | Подигната јавна свест за безбедно движење во планини |

| Бр. | Трансформација | Активност | Период на имплементација по години | | | | | Очекувани резултати |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | 2024 | 2025 | 2026 | 2027 | 2028 | |
| 18. | **Зелена организација**  | Интегрирање на системи кои овозможуваат користење на обновлива енергија | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | Намалување на загадување на животната средина |
| | | Намалување на користење на суровини преку промовирање на дигитализација и рециклирање | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | Реорганизирано архивско и административно работење со акцент на намалена употреба на хартија |
| | | Промовирање активности за заштита на животната средина | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | Зајакната свест за заштита на животната средина |

| Бр. | Трансформација | Активност | Период на имплементација по години | | | | | Очекувани резултати |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | 2024 | 2025 | 2026 | 2027 | 2028 | |
| 19. | **Финансирање и финансиска одржливост**  | Јакнење на капацитетите на раководната структура (РО, Финансиска комисија и комисија за внатрешна контрола) за следење на финансиското работење | ■ | ■ | | ■ | | Унапредување на финансискиот менаџмент во националното друштво<br>Кост-ефективно и одговорно финансиско работење |
| | | Дигитализација на финансиското работење во националното друштво | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | Ефикасно и ефективно финансиско менаџирање |

| Бр. | Трансформација | Активност | Период на имплементација по години | | | | | Очекувани резултати |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | 2024 | 2025 | 2026 | 2027 | 2028 | |
| 20. | **Системски пристап во промоција на меѓународното хуманитарно право**  | Градење на институционални партнерства | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | Унапредување на референтната улога на НД во процесите на афирмација на МХП во РСМ |
| | | Воспоставување на правна клиника за МХП | ■ | ■ | | | | Создадена платформа која ќе претставува спој на научната експертиза од областа на правото, безбедноста и воените науки |
| | | Јакнење на човечките капацитети | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | Обезбедување на квалитетни кадри за градење на силна програмата за МХП |
| | | Унапредување на работата на Националниот комитет за МХП | ■ | ■ | ■ | | | Зајакнато владино тело кое работи на унапредување на состојбите со МХП во РСМ |
| | | Воведување на иновативни пристапи во дисеминација и промоција на МХП | ■ | ■ | | | | Креирани пристапи кои ќе понудат дозирани знаења од областа на МХП за различни таргет групи |

| Бр. | Трансформација | Активност | Период на имплементација по години | | | | | Очекувани резултати |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | 2024 | 2025 | 2026 | 2027 | 2028 | |
| 21. | **Промоција на хумани вредности**  | Креирање на модули за промоција на хумани вредности за различни целни групи | ■ | ■ | | | | Креирани модули во рамки на системот за промоција на хумани вредности согласно потребите на заедницата |
| | | Воведување на дигитални решенија за промоција | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | Создадени механизми за дигитални пристапи во работењето во областа на промоцијата на хумани вредности |
| | | Институционално препознавање на ЦКРСМ во поглед на промоцијата на хумани вредности | | ■ | | | | Остварена институционална поддршка во имплементација на програмите за промоција на хумани вредности |

| Бр. | Трансформација | Активност | Период на имплементација по години | | | | | Очекувани резултати |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | 2024 | 2025 | 2026 | 2027 | 2028 | |
| **22.** | **Планирање, мониторинг и евалуација како средства за успешен развој** | Мониторинг-неколкупати годишно следење на прогрес на имплементација на програмски активности и други годишни обврски за ООЦК/ЦКГС/ЦКРСМ | | | | | | Систематизирано прибирање информации кои ќе ни дадат клучни насоки и докази во стратешкото планирање во однос на програми или процеси кои се најприфатливи и најефикасни |
| | | Годишна евалуација/проценка на работењето на ООЦК/ЦКГС | | | | | | Донесени препораки за развој кои се користат за краткорочни и долгорочни планирања |
| | | Дефинирање минимум стандарди и критериуми во работењето на ООЦК/ЦКГС | | | | | | Усвоени минимум стандарди како водич за планирање и имплементација на активности, усогласени со актуелните потреби и можности за дејствување на локално ниво |
| | | Креирање и воспоставување на софтвер за интегрирање на електронски алатки за мониторинг и евалуација | | | | | | Унапреден систем за обезбедување повратни информации и зголемени можности и потенцијали за развој и трансформирање |
| | | Донесување модел на доброфункционирачка локална организација | | | | | | Усвоен стандардизиран пристап на работењето кој ќе предвиди и категоризација на локалните организации, редефинирање и регионализација на дејностите за посоодветни, поефективни и поадаптивни програми и услуги |
| | | Модел на планирање | | | | | | Усвоени рамка и норми за деловни перформанси на нашите интегрални единици со за развој, компетитивност и подобро следење и оценување на успешноста на раководните и управни структури на локално и национално ниво |
| | | Континуирано ревидирање и подобрување на алатките за следење на успешност | | | | | | Утврдени ефикасни начини на прибирање податоци за унапредување на работата на општинските организации |
| | | Формиран нов сектор во Централната канцеларија-интеграција на мониторингот и евалуацијата со финансиската ревизија | | | | | | Имплементирани стандарди и воведени навики за градење доверба и одговорност и поттикнување поголема ефикасност и мотивација во работењето |

| Бр. | Трансформација | Активност | Период на имплементација по години | | | | | Очекувани резултати |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | 2024 | 2025 | 2026 | 2027 | 2028 | |
| **23.** | **Хуманитарна дипломатија**  | Промовирање на ефикасни партнерства при спроведување на активности за одговор на потреби на ранливо население | | | | | | Воспоставени партнерства со клучни чинители; Реализирани активности за обезбедување ефикасен одговор на потреби на ранливо население |
| | | Формирање на стручни работни групи, организирање на тркалезни маси, форуми и подготовка на соодветен информативен материјал | | | | | | Формирани тела<br>Организирани пригодни настани<br>Изработен публикуван материјал |
| | | Надградба на капацитети базирана на добри практики, стратегии и знаења | | | | | | Унапредени капацитети на организацијата |

| Бр. | Трансформација | Активност | Период на имплементација по години | | | | | Очекувани резултати |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | 2024 | 2025 | 2026 | 2027 | 2028 | |
| **24.** | **Одговор на хуманитарни предизвици поврзани со миграции**  | Воспоставување на програмска рамка за миграции | | | | | | Воспоставена функционална структура за работа со мигранти во Централната канцеларија на ЦКРСМ |
| | | Промовирање на заштита на ранливите групи, жени, деца, лица со посебни потреби и баратели на азил | | | | | | Подобрена сигурност и безбедност на ранливи целни групи |
| | | Активности за информирање, застапување и социјално вклучување на мигранти во РСМ | | | | | | Подобрен пристап до услуги и заштита на права на мигрантите |

www.redcross.org.mk